Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Периодичен извештај за остварени приходи и расходи за период од 01.10.2024 до 31.12.2024 година од ЈПССО Радовиш 2014

I. Се усвојува Периодичен извештај за остварени приходи и расходи за период од 01.10.2024 до 31.12.2024 година од ЈПССО Радовиш 2014, бр.03-33/1 од 08.04.2025 година, наш бр.12-35/24 од 08.04.2025 година.

II. Заклучокот влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Радовиш.

Број 08-627/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти РАДОВИШ 2014
Бр. 03-3311
08-04 2025 год.
Радовиш 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ

| Примено: 08.04.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг један | Број | Прилог | Вредност |
| 12- | 35/24 | | |

До
-Совет на Општина Радовиш
-Комисија за финансирање

**ПРЕЛИМИНАРЕН**

ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ
за ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ и РАСХОДИ
-ПЕРИОД ОД 01.10.2024 ДО 31.12.2024г.-

**<u>за ЈПССО Радовиш 2014</u>**

**Лолита Арсова**
**-Вршител на должност директор на ЈПССО Радовиш 2014**

**Преглед на оставрени приходи по разни основи**
**од 01.10.2024 до 31.12.2024**

| Вид на приход | Извор на приход | Износ |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини-закуп | Разни правни и физички лица по основ на месечна закупнина на деловни простории | 179.436,00 |
| Приходи од закуп на простор за Реклама | Разни правни лица за рекламен простор во сала | 12.000,00 |
| Приход од користење терени | Разни правни и физички лица по основа на користење на спортски терени | 43.500,00 |
| Приход од субвенции | Општина Радовиша | 160.000,00 |
| Останати приходи | Префактурирање на струја и за комунални услуги ко на закупопримачи, паушали за струја,вода,.. | 27.780,00 |
| Останати приходи | +10% за јавно Осветлување по договор со ЕЛС | 291.045,00 |
| Префактурирање ЕВН | ЕЛСРадовиш,префактурирање,заЈавно Осветлување ... | 2.910.447,00 |
| Приход за набавка преку Тендер-БЈН | ЕЛС Радовиш за набавки преку Биро за Јавни Набавки | 332.400,00 |
| Разни други приходи | Приход остварен преку готовински наплати-фискална каса за разни услуги на физички лица(користење терени,закажани термини за спортски активности,...... | 161.100,00 |
| **ВКУПНО:** | | 4.117.708,00 |

**2.Расходи**

**Обезбедените парични средства се трошени за разни тековни потреби пред се за исплата на бруто плата на вработеното лице, исплата на долгови кон ЕВН,Плаваја ,за набавка на потрошен помошен материјал за тековно одржување, електро услуги ....**

**Табела 2. Преглед на тековни трошоци по фактури и сметки**

| Вид на трошок | Добавувач (примач) | Износ |
|---|---|---|
| 1.Бруто плата 10,11,12/2024 вработени= 1лице, Нето 10м=43.680,00, 11м=43.680,00, 12м=42.489,00(2дена боледување) | Лолита Арсова | 195.966,00 |
| 2.Потрошена струја за Јавно Осветлување+тековвна потрошувачка во сала 10 месец=705.463,00 11 месец =1,113,165,00 12 месец=1.091.819,00 | -ЕДС -Електродиструбуција | 2.910.447,00 |
| 3.Трошок за интернет | А1 Македонија | 3.799,00 |
| 4.Комунални услуги 10м=1567,00,11м=52.865,00 12месе=33.139,00 | Плаваја ЈП | 87.571,00 |
| 5.Потрошен канцелариски материјал(влезници,... | Сони Комапни,... | 6.986,00 |
| 6.Потрошен помошен материјал | Разни добавувачи | 5.491,00 |
| 7.Потрошен материјал-санитарија,цевки,.. | Techновод Радовиш | 16.790,00 |
| 8.Потрошен материјал-спортска опрема-одбојка ,ступови2,мрежа,прачки за одбојка,мрежа за одбојка,маса пинг понг ,6врати (Јавна Набавка) | Давка Штип | 111.500,00 |
| 9.Потрошен материјал-железарија | Разни добавувачи | 2.065,00 |
| 10,Регрес +данок по тој основ регерс=10984 , данок =- 1.220,00 | | 12.204,00 |
| 11.Трошиок за репрезенатција | Рио ресторант | 6.450,00 |
| 12.Потрошени средства за хигиена | Разни добавувачи | 15.130,00 |
| 13.Останати услуги (сметководствени услуги, е банк,..) | Разни добавувачи | 11.000,00 |
| 14.Банкарски провизии | НЛБ Банка | 5.859,00 |
| 15.Останати услуги од работењето ( Монтажа 2 ПВЦврати,Биро Јавни Набавки,..) | Разни Добавувачи | 42.987,00 |
| 16.Останати трошоци од работењето ,,Давка.. Штип,.... Јавна Набавка | Разни добавувачи | 118.803,00 |
| ВКУПНО: | | 3.553.048,00 |

**Радовиш 03.04.2025**

**ЈПССО Радовиш 2014** ____________________

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Решение за разрешување претставник во Управен одбор на
ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за разрешување претставник во Управен одбор на ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш, бр.08-628/1

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-628/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш и член 114 став 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22)

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
за разрешување претставник во Управен одбор на
ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш

член 1

Од Управниот одбор на ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш, се разрешува:

-Емилија Дуковска-претставник на Министерството за социјална политика, демографија и млади

член 2

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-628/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Решение за именување претставник во Управен одбор на
ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за именување претставник во Управен одбор на ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш, бр.08-629/1

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-629/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш и член 114 став 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22),

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник во Управен одбор на
ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш

член 1

За претставник на министерството во Управниот одбор на ЈОУДГ "АЦО КАРАМАНОВ" Радовиш, се именува:

- Ангела Чаракчиев

член 2

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-629/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за подигање на спомен – обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ "Никола Карев" Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за подигање на спомен – обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ "Никола Карев" Радовиш, бр.08-630/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-630/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, согласно член 5, 17, 18, 19 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), член 17, 19 и 101 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), согласно Заклучок на Советот на општина Радовиш за прифаќање на Иницијатива за поставување на спомен обележје-биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ “Никола Карев” Радовиш бр. 08-413/1 од 12.03.2025 година,

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за подигање на спомен – обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ “Никола Карев” Радовиш

Член 1

Се дава согласност за подигање на спомен – обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ “Никола Карев” Радовиш.

Член 2

Се задолжува општинската администрација да постапи согласно член 17 и 20 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), односно да го предвиди спомен обележјето од член 1 на оваа одлука во Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности на општина Радовиш, како и да го впишат во Регистарот на спомен – обележја на општина Радовиш.

Член 3

Одлуката влегува во сила одмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-630/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Решение за формирање на Одбор за подигање на спомен-обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ “Никола Карев” Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за формирање на Одбор за подигање на спомен-обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ “Никола Карев” Радовиш, бр.08-631/1

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-631/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 ст.1 т.9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 од Статутот на општина Радовиш, согласно член 9, 10, 11 .... 19 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21), согласно Заклучок на Советот на општина Радовиш за прифаќање на Иницијатива за поставување на спомен обележје-биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ "Никола Карев" Радовиш бр. 08-413/1 од 12.03.2025 година, а по усвоена Одлука за подигање на спомен – обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ "Никола Карев" Радовиш донесена на 66 седница на Совет, одржана на 28.04.2025 година

Советот на општина Радовиш на LXVI седница одржана на 28.04.2025 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за формирање на Одбор за подигање на спомен-обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ "Никола Карев" Радовиш

Член 1

Се именуват членовите во Одбор за подигање на спомен-обележје – биста на ликот на патронот на училиштето Никола Карев во склоп на ООУ "Никола Карев" Радовиш и тоа:

1. Јован Ристов - претседател
2. Илче Костадинов -член
3. Каролина Ристова -член
4. Елена Тодорова -член
5. Елена Кацарска -член
6. Мумин Шерифов -член
7. Верица Коцева -член
8. Валентина Лазарова -член
9. Тимко Џоџовски -член

Член 2

Се задолжува Одборот од член 1 на оваа одлука да ја спреведе постапката за подигање на спомен – обележје согласно Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата.

Член 3

Одлуката влегува во сила одмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-631/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за воспоставување на
меѓуопштинска соработка од областа на
инспекцискиот надзор помеѓу општина
Радовиш и општина Василево

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка од областа на инспекцискиот надзор помеѓу општина Радовиш и општина Василево, бр.08-632/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-632/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 14 и 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, согласно член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), а во врска со Предлог за меѓуопштинска соработка од општина Василево бр. 03-353/1 од 11.03.2025, примено бр.09-454/1 од 14.03.2025 година и допис за прифаќање на предлог за меѓуопштинска соработка бр.09-454/2 од 19.03.2025 година,

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за воспоставување на меѓуопштинска
соработка од областа на инспекцискиот
надзор помеѓу општина Радовиш и
општина Василево

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Радовиш и општина Василево за вршење на работи од област во надлежност на општините кои се однесуваат на вршење на инспекциски надзор од страна на одделението за друг вид надзор од надлежност на општината.

Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука се однесува на работите и работните задачи што ги извршува вработено лице во општина Радовиш во Одделението за друг вид надзор од надлежност на општината, на работно место Инспектор за животна средина кое ќе ги врши во име и за сметка на општина Василево.

Член 3

Услугите коишто ќе ги дава администрацијата на Општина Радовиш, опишано во член 2 на оваа одлука ќе се вршат по претходно издаден налог од страна на Градоначалникот на Општина Василево и се состојат од:

- Инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита на животната средина;
- Грижа за чување и заштита на животната средина на територијата на целата општина;

- Изготвување на информации и извештаи за градоначалникот, Советот
  и работните тела;
- Покренување и водење на постапки за кои е со закон овластен пред
  надлежните органи;
- Спроведување на одлуки донесени од Советот на општината;
- Вршење на анализа на одредени состојби во општината и
  давање предлози до градоначалникот за нивно разрешување;
- Други работи поврзани со инспекција на животната средина;

Член 4

Висината на надоместокот за извршените услуги и патните трошоци на Инспектор за животна средина (давател) ќе биде регулирано во Договорот за меѓуопштинска соработка.

Член 5

Администрацијата на општината давател ќе ги извршува услугите во времетраење од 12 месеци и тоа почнувајќи од моментот на склучување на договорот.

Член 6

Одлуката влегува во сила одмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-632/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за прифаќање на Иницијатива за изработка на проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН 10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 4049/1 до кабелска спојница на КП 4171/1 во КО Радовиш, Општина Радовиш на КП бр.4049/1, КП бр.4077, КП бр.4081/1, КП бр.4082, КП бр.4078, КП бр.4171/1 во КО Радовиш од ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ-Охрид

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за изработка на проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН 10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 4049/1 до кабелска спојница на КП 4171/1 во КО Радовиш, Општина Радовиш на КП бр.4049/1, КП бр.4077, КП бр.4081/1, КП бр.4082, КП бр.4078, КП бр.4171/1 во КО Радовиш од ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ-Охрид, бр.08-633/1

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-633/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), и член 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прифаќање на Иницијатива за изработка на проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН 10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 4049/1 до кабелска спојница на КП 4171/1 во КО Радовиш, Општина Радовиш на КП бр.4049/1, КП бр.4077, КП бр.4081/1, КП бр.4082, КП бр.4078, КП бр.4171/1 во КО Радовиш од ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ-Охрид

член 1

Советот на Општина Радовиш ја прифаќа Иницијативата за изработка на проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН 10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 4049/1 до кабелска спојница на КП 4171/1 во КО Радовиш, Општина Радовиш на КП бр.4049/1, КП бр.4077, КП бр.4081/1, КП бр.4082, КП бр.4078, КП бр.4171/1 во КО Радовиш од ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ-Охрид бр.08-488/1 од 24.03.2025 година.

член 2

Со прифаќањето на оваа Иницијатива истата станува ден од Годишна програма за изработка на измена и дополнување на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2025 година.

член 3

Овој Заклучок стапува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш"

Број 08-633/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04. 2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Годишна Програма за изработка на измена и дополнување на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2025 година

Ја прогласувам и објавувам Годишната Програма за изработка на измена и дополнување на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2025 година, бр.08-634/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-634/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/20), член36, став1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.в. на Р.М.“ бр.05/02) и член 43точка1 и точка12 и член 21 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2025 ГОДИНА

## Вовед

Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2025г. претставува основа за изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови од член1, став(1), точки 1,2,3,4 од Законот за урбанистичко планирање, каде како видови се наведени генерален урбанистички план, детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови за вон населено место , сите како планови од локално значење, како и урбанистички проекти од член 58 од законот, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот. Годишата програма претставува дел од задолжителната документација при поднесување барање за согласност од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган за истото.

**<u>Урбанистичко планирање</u>**

- Генерален урбанистички план .
- Услуги од катастар и
- Услови за планирање на просторот

- Детални Урбанистички планови,
  Урбанистички планови за села и
  Урбанистички проекти

- Програми за поставување на урбана
  опрема и времени објекти

**<u>Урбанистичко планирање</u>** Вкупно **4.200.000.$^{00}$ ден.**

### ➢ Генерален урбанистички план на град Радовиш

| Р.Бр. | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка и донесување на нов Генерален урбанистички план за град Радовиш | | |

| Р.Бр. | | |
|---|---|---|
| 1. | Трошоци за услуги од катастар | |
| 2. | Услови за планирање на просторот | |

- **Детални урбанистички планови, Урбанистички планиви за село и Урбанистички проекти**

| Р.Бр. | | |
|---|---|---|
| 1. | Измена и дополнување ДУП за дел УБ 7 | |
| 2. | Измена и дополнување ДУП УБ 28-дел од УМ1 | |
| 3. | Измена и дополнување ДУП ДУП УБ16-дел | |
| 4. | Измена и дополнување ДУП ДУП УБ22-дел | |
| 5. | Измена и дополнување ДУП за дел УБ 2 | |
| 6. | Измена и дополнување ДУП УБ 8 и 9-дел | |
| 7. | Урбанистички план за с.Ораовица | |
| 8. | Урбанистички план за с.Воиславци | |
| 9. | Урбанистички план за с.Раклиш | |
| 10. | Урбанистички план за с.Аликоч | |
| 11. | Урбанистички план за с.Коџалија | |
| 12. | Урбанистички план за с.Калаузлија | |
| 13. | Урбанистички план за с.Смиланци | |
| 14. | Урбанистички план за с.Бучим | |
| 15. | Урбанистички план за с.Парналија | |
| 16. | Урбанистички план за с.Злеово | |
| 17. | Урбанистички план за с.Тополница | |
| 18. | Урбанистички проект со намена Д1,Д2 и Д3 - Парковско уредување покрај Радовишка река со градби за спорт и рекреација и градби од живо зеленило | |
| 19. | Урбанистички проект за инфраструктура на Радовишка Река, Радовиш | |
| 20. | Урбанистички проект за препарцелација со намена домување во ДУП УБ16 | |
| 21. | Урбанистички проект за препарцелација во ДУП УБ 8 и 9 Општина Радовиш | |
| 22. | Урбанистички проект за гп. Ѓ3, Ѓ4, Ѓ5 и Ѓ6 (КП бр.3829/1 и 3829/3) во УБ 15 УМ А-Л во Радовиш, Општина Радовиш | |
| 23. | Урбанистички проект за инфраструктура на ул.“Македонска“ | |
| 24. | Урбанистички план вон населено место за Туристички комплекс Џумаја, Плачковица, Општина Радовиш . | |
| 25. | Урбанистички проект за инфраструктура за ул. „22ри Октомври“ со опфат од спој со ул. „Партизанска“ до спој со ул. „Коста Сусинов“ во Радовиш, Општина Радовиш | |

- **Програми за спроведување на Урбанистички планови**

| Програми за спроведување на Урбанистички планови | | |
|---|---|---|
| | Програма за урбана опрема | |
| | Програма за времени објекти | |

- **Урбанистичка планска документација со самофинансирање**

| Р.б. | Планска документација | |
|---|---|---|
| 1. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ7 | Самофинансирање |
| 2. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ 3 | Самофинансирање |
| 3. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ 21 | Самофинансирање |
| 4. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ 6 | Самофинансирање |
| 5. | Урбаистички проект вон опфат за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни панели и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КП бр.4920/3 КО Радовиш вон.град, општина Радовиш | Самофинансирање |
| 6. | Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на објекти со намена Г3.1 – Индустриски сервиси, сервиси за одржување на моторни возила, сервиси за ремонт на шински возила, сервиси за земјоделска и градежна механизација на КП бр.4166/2 и дел од КП бр.5132/1 КО Радовиш вон.гр. Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 7. | Урбанистички проект за КП 741 и КП 742 во КО Радовиш вон град, општина Радовиш, за објекти со намена А4-4, А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување. | Самофинансирање |
| 8. | Урбанистички проект за КП бр.2745/1 и 2745/2 во ДУП на Радовиш | Самофинансирање |
| 9. | Урбанистички проект намена Г2, Г3 на КП бр.4673/1, 4673/2, 4673/3, КО Радовиш вон г.р. општина Радовиш | Самофинансирање |
| 10. | Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.242/1, КО Радовиш вон гр, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 11. | Урбанистички проект за промена на граници на градежна парцела според кастастерска КП 1711/2 КО Радовиш, Општина Радовиш , во ДУП за УБ28 Радовиш | Самофинансирање |
| 12. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови, на делови од КП 4838/1, КП 4839/2, КП 4840/1 и КП 4840/2, КО Радовиш - вгр, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 13. | Урбанистички проект за КП бр.4589/1,4589/2,4589/3,4590,4591,4592, 4593,4595 и 4091/1КО Радовиш, во ДУП на Радовиш | Самофинансирање |
| 14. | Урбанистички проект со намена Е2-на КП бр.1183,1184,1185, КО Раклиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 15. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1131/2 и КП 1162 КО Раклиш вон град за формирање парцела со намена Г2, Г3,Г4, општина Радовиш | Самофинансирање |
| 16. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - површински соларни панели и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала на КП 1238/1 КП 1238/2 и КП 1283/3 КО Раклиш вон град, општина Радовиш | Самофинансирање |
| 17. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП бр.7,КП бр.8/1, КО Ињево вон г.р. Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 18. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 741, КП 742, КО Сулдурци, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 19. | Урбанистички проект со намена Г2 на КП.бр.1/2 КО Сулдурци, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 20. | Урбанистички проект вон опфат за КП 900,901,902/1,902/2,903,904/1, 872/1, 873/1 874/2,874/1,875,876,878, КО Калугерица, Општина Радовиш, | Самофинансирање |
| 21. | Урбанистички проект на КП бр.1645, КО Козбунар Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 22. | Урбанистички проект на КП бр.4993 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи | Самофинансирање |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Планска документација за некатегоризиран пат во склоп на изработка на УП за подрачје и градби од државно значење за намена Е1.13.- површински соларни и фотоволтаични електрани во, КО Владимирово и некатегоризиран пристапен пат во КО Подареш, КО Смиланци, општина Берово и општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 24. | Урбанистички проект на КП бр.3453/2 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи | Самофинансирање |
| 25. | Урбанистички Проект за парцели со КП бр. 3245/2, 3245/1, 3245/3, 3245/4, 3231/1, 3231/4,3231/7,3231/5, КО Радовш , дел од ДУП УБ15 со намена А2 согласно ГУП на град Радовиш. | Самофинансирање |
| 26. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 115 - поделба на две градежни парцели со намена Г2 - во ДУП на град Радовиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 27. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.20 и ГП 1.21 од ДУП за дел од УБ 8 и дел од УБ 9 во Радовиш, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 28.. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – локални трансформаторски станици и локални средно и нисконапонски електрични водови на КП 452/1, КП 451/1, КО Воиславци вон град, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 29.. | Измена и дополна на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изработка на оптички кабел, водоводна мрежа и кабелски вод ВДВ 10(20)кВ С.Исток со (С) 20(10)/0,4кВ 400 КВА Соларис, КО Раклиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 30. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1 MW на КП 4993 и КП 4994 – КО Радовиш вна, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 31. | Урбанистички проект за формирање на градежна парцела на КП 4047/3 и дел од КП 4047/4, 4047/14 и 4043 КО Радовиш, Општина Радовиш со намена Г3.1-Индустриски сервиси, сервиси за оджување на моторни возила, сервиси за ремонт на шински возила, сервиси за оджување, сервиси за земјоделска и градежна механизација по ГУП на град Радовиш . | Самофинансирање |
| 32. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV подземен електричен (кабелски) вод од планирана ТС 10(20)/0.4kV „Џет Солар“ до постојна ТС „Марлада“ 10(20)/0.4kV | Самофинансирање |
| 33 | Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на градежни парцели 2.21, 2.22, со намена А1-домување во куќи по ДУП дел од УБ 28, КО Радовиш, општина Радовиш,(одлука бр. 07-924/3 од 05.10.2024 г.) | Самофинансирање |
| 34 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор на КП 4155/2 и дел од КП 4157, КО Радовиш вгр, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 35 | Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на градежна парцела на КП 7325/1, КП 7325/2, КП 7325/3 и дел од КП 7325/4 КО Ињево, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 36 | Урбанистички проект за препарцелација на гп А12, А13, А14, А15, А16, А17 и А18 во ДУП УБ 15 УМ А-Л Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 37 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП 2746, КП 2739, дел од КП 2737, дел од КП 2738, дел од КП 2716, дел од КП 2717/2, дел од КП 2747/6 КО Калугерица, Општина Радовиш | Самофинансирање |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Урбанистички проект вон опфат на урбанисички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на ел.енергија (10(20) КВ среднонапнски електричен надземен вод), КО Дамјан, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 39 | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 112 и ГП 463 од ДУП на град Радовиш со опфат на парцели со КП 4066/2,4065,4064/1 и 4064/2 КО Радовиш вон.гр. Општина Радовиш, одлука бр.08-58 од 01.03.1994г, | Самофинансирање |
| 40 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електична енергија кои се градат на земјиште) на КП1016/2, КП 1016/3 КО Воиславци, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 41 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електична енергија кои се градат на земјиште) на КП1/1 КО Сулдурци, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 42 | Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 4049/1 до кабелска спојница на КП 4171/1 во КО Радовиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |

**Рекапитулар :**

| О п и с | |
|---|---|
| Генерален урбанистички план на град Радовиш | |
| Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот | |
| Детални урбанистички планови, Урб. планови за село и Урбанистички проекти | |
| Програми за урбана опрема и времени објекти | |
| Урнабистичка планска документација со самофинансирање | |
| **ВКУПНО :** | **4.200.000.$^{00}$** |

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

За финансирање на урбанистичките планови и урбанистичките плански документации од Програмата потребните средства ќе се обезбедат од Буџет на Општина Радовиш, Буџет на РСМ, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина, со самофинансирање од заинтересирани физички и правни лица, Југоисточен плански Регион преку БРР, преку АФПЗРР.

**4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ**

Во зависност од потребите на општината , како и на заинтересирани физички и правни лица тековно Програмата може да претрпи измени и дополнувања. Општина Радовиш како надлежен орган согласно Закон за урбанистичко планирање спроведува постапки за реализација и спроведување на урбанистичките планови, одобрувајќи постапки за различни видови урбанистички проекти пропишани во законот, урбанистички проекти со план за парцелација и урбанистички проекти за инфраструктура .

Во процесот на донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно Законот за урбанистичко планирање предвидени се прибавување на одредени документации како услови за планирање на просторот, трошоци за услуги од катастар, како и останати документи за кои трошоци се планираат средства.

Урбанистичките планови и урбанистички плански документации започнати пред донесување на Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/2020), се спроведуват и продолжуват согласно одредбите од истиот .

Согласно започнатите Урбанистичките планови и урбанистички плански документации како и фазата на изработка до која се истите, а поради фактот дека поголем дел од постапките се водат подолг временски период со одобрување и мислење од поеќе институции, се предвидува дека дел од нив ќе продолжат и во наредната година, односно нема во целост да се реализират предвидените средства . Доколку се има потреба за повеќе средства односно дел од урбанистичките планови се донесат и одобрат за пократок рок од една година, ќе се изврши измена и дополна на програмата за урбанистичко планирање за 2025г. каде ќе бидат предвидени потребните средствата за реализација на програмата .

Оваа Програма задолжително се објавува во „Службен гласник на Општина Радовиш“, во електронка форма на веб страната на општината, на официјалните профили на социјлните мрежи, како и во информацискиот систем е-урбанизам.

Програмата стапува на сила 8(осмиот) ден од денот наобјавување во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-634/1
Дата 28.04.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за прифаќање на барање донација и поставување на спомен обележје-боречка склуптура

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на барање донација и поставување на спомен обележје-боречка склуптура, бр.08-635/1

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-635/2 | Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. | на Општина Радовиш
Радовиш | Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 5, член 17 и член 18 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележја („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21), член 17,19 и 101 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 22 став 1 точка 5 и член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на LXVI седница одржана на 28.04.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прифаќање на Барање за донација и поставување на
спомен обележје-боречка склуптура

Член 1

Се прифаќа Барање за донација и поставување на спомен обележје-боречка склуптура бр.09-537/1 од 04.04.2025 година.

член 2

Се започнува постапка за поставување на спомен обележје-боречка склуптура во Општина Радовиш.

член 3

Спомен обележјето ќе биде поставено на територијата на Општина Радовиш, на претходно утврдено место од страна на Комисијата за урбанизам и јавни простори, во согласност со пропишаните урбанистички и правни стандарди.

член 4

Финансирањето на спомен обележјето ќе биде донација од проф.д-р.Ванчо Чифлиганец.

член 5

Општинската администрација е задолжена да организира јавна расправа и да ги обезбеди сите потребни процедури за изработка и поставување, согласно со законските и урбанистичките прописи.

член6

Со оваа одлука се задолжуваат сите надлежни општински органи да започнат со подготовка на потребната документација и да ја спроведат постапката за поставување на спомен обележјето во согласност со Закон за меморијалните споменици и спомен обележја.

член 7

Овој Заклучок стапува на сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш"

**Образложение:**

Заклучокот за прифаќање на барањето е донесена со цел да се одбележат постигнатите историските резултати во спортот борење . Поставувањето на бистата ќе биде значајно за заедницата и за општината, како и за идните генерации кои ќе се запознаат со овој важен дел од нашата историја во спортот.

Број 08-635/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за ко-финансирање на проект за: „Изработка на комплетна техничка документација за линиска инфраструктурна градба – Фекална Канализациона и Атмосферска мрежа во должина од околу 5000m., со изградба на ПСОВ (пречистителна станица за третирање на отпадни води) за с.Тополница, општина Радовиш„

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ко-финансирање на проект за: „Изработка на комплетна техничка документација за линиска инфраструктурна градба – Фекална Канализациона и Атмосферска мрежа во должина од околу 5000m., со изградба на ПСОВ (пречистителна станица за третирање на отпадни води) за с.Тополница, општина Радовиш„ бр.08-636/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-636/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 а во врска со член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 а во врска со член 12 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш" бр.07-765/1 од15.10.2002 год),

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за ко-финансирање на проект за:
„Изработка на комплетна техничка документација за линиска инфраструктурна градба – Фекална Канализациона и Атмосферска мрежа во должина од околу 5000m., со изградба на ПСОВ (пречистителна станица за третирање на отпадни води) за с.Тополница, општина Радовиш„

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека општина Радовиш ќе има сопствено учество од 537.000 денари по проект за Изработка на комплетна техничка документација за линиска инфраструктурна градба – Фекална Канализациона и Атмосферска мрежа во должина од околу 5000m., со изградба на ПСОВ (пречистителна станица за третирање на отпадни води) за с.Тополница, општина Радовиш, чиј вкупен износ по предмер-пресметка е 2.537.000 со ДДВ.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш .

Број 08-636/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за учество во Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3)

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за учество во Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3), бр.08-637/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-637/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1,а во врска со член 22,став 1,точка 13, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член21, став 1, точка 43, а во врска со член 12, од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.07-765/1 од15.10.2002 год),

Советот на Општина Радовиш на LXVI седница одржана на ден 28.04.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за учество во Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3)**

**Член 1**

Општина Радовиш е согласна да ја усвои и примени ЛОД методологијата за транспарентно финансирање на проекти на ГОи во текот на првата година од имплементацијата на проектот.

**Член 2**

Општината е согласна да ко-финансира проекти во износ од најмногу 30% од вкупниот износ на средства распределени за општина Радовиш во рамки на ReLOaD3 проектот.

**Член 3**

Општината се обврзува дека ќе објавува самостојни јавни повици за ГОи следејќи ја ЛОД методологијата. Општината се обврзува дека самостојно ќе објави, како дел од редовните активности, најмалку еден транспарентен јавен повик за ГОи во периодот од 2026-2028, следејќи ги принципите на ЛОД методологијата. Тие јавни повици ќе се финансираат исклучиво од општинските буџети (100%), а вработените на проектот ReLOaD3 ќе даваат техничка поддршка за подготовка на јавните повици и ќе ја следат имплементацијата.

Број 08-637/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.04.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов Digitally signed

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на втора измена на План на Програми за развој Грин хит за 2025 -Воведување на ефикасна услуга за централно греење ориентирана кон клиентите за мала мрежа базирана на обновливи извори на енергија

Ја прогласувам и објавувам втората измена на План на Програми за развој Грин хит за 2025 -Воведување на ефикасна услуга за централно греење ориентирана кон клиентите за мала мрежа базирана на обновливи извори на енергија, бр.08-638/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.04.2025 година.

Број 09-638/2 Градоначалник
Дата 28.04.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

ПРИЛОГ 4

Образец В 2

ВТОРА ИЗМЕНА НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ - ИПА за 2025 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на општинска развојна потпрограма | Регионален развој | Ознака на општинска развојна потпрограма | МВА |
| Лице за контакт (ИПА координатор) | Лазар Газепов | Тел. и телефакс | 38975493191 |
| Функција: | Градоначалник | Е-маил | gradonacalnik@radovis.gov.mk |

ОПИС НА ПРОЕКТОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на проектот | Грин хит-Воведување на ефикасна услуга за централно греење ориентирана кон клиентите за мала мрежа базирана на обновливи извори на енергија | Ознака на проектот | EuropeAid/170320/DD/ACT/MK |
| Цели на развојниот проект (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на проектот) | Главна цел е да се овозможат прогресивни еколошки услуги за греење кои придонесуваат за подобрување за живеење на локалното население, промовирање на климатски напредни решенија за испорака на услуги кои стимулираат позелена локална економија. Како и зајакнување на капацитетите на клучните актери кои имаат компетенции. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритетна оска/мерка од Опреативната програма во која се реализира проекот | ИПА 2 Годишна акционна програма за Република Северна Македонија за 2020 година, ЕУ за општините-подобрување на локалните услуги преку иновативни концепти. Буџетска линија: 22.020401, Референтен број: Europe/Aid/170320/DD/ACT/MK | | | | |
| Планирани активности | Воспоставување на реплицирачки модел поставување на тоиплотни пумпи на пет јавни објекти во град Радовиш, СРЦ,,25-Мај", ООУ,,К.П.Мисирков", СОУ,,Коста Сусинов", Детска градинка ,,Цветови', општинска зграда. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Воспоставен систем за централно греење на обновливи извори на енергија | | | | |
